Врз основа на член 50 став 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 13 став 2 од Правилникот за критериуми за селекција на кандидати за вработување во Територијалната Противпожарна единица во Општина Велес бр.08-3677/1 од 09.07.2018 година и записникот од Комисијата за селекција со ранг-листа на селектираните кандидати на Јавен оглас за вработување на неопределено време овластени службеници во областа на безбедноста со бр.04-6336/2 од 13.12.2018 година,

Градоначалникот на Општина Велес ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за избор на кандидати за вработување на неопределено време овластени службеници во областа на безбедноста-Пожарникар спасител

1. Градоначалникот на Општина Велес, по спроведената постапка по Јавниот оглас со бр.04-6336/2 од 13.12.2018 година за вработување на неопределено време на овластени службеници во областа на безбедноста на работно место–пожарникар спасител, ниво В4, реден број 105, шифра ПОЖ 0210 В04 000-4(четири) овластени службеници, изврши избор на следните најдобро рангирани кандидати:

   - Бранко Стојановски
   - Златко Петровски
   - Нихат Бајровиќ
   - Адилов Рамадан.

2. Врз основа на одлуката за избор со избраните кандидати наведени во точка 1 од оваа Одлука, ќе се склучи договор за вработување на неопределено време, започнувајќи од 01.02.2019 година.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Велес на објави Јавен оглас за вработување на неопределенао време на службеници во областа на безбедноста со бр.04-6336/2 од 13.12.2018 година за четири извршители за работно место пожарникар спасител, ниво В4, реден број 105, шифра ПОЖ 0210 В04 000 утврдено со актот/систематизацијата на работните места на Општина Велес-ТППЕ. На јавниот оглас се јавија 28 кандидати.

Комисијата за селекција, формирана од Градоначалникот на Општина Велес ја спроведе постапката по пристигнатите пријави по огласот во две фази на

селекција и до Градоначалникот на Општина Велес достави Записник со конечна ранг-листа на селектираните кандидати - од најуспешни со највисок број освоени бодови до кандидати со најмал број освоени бодови.

Врз основа на доставената ранг листа и согласно член 50 став 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник“ бр.5/02) и член 11 став 13 од Законот за пожарникарство пречистен текст („Службен весник“ на РМ бр.168/17), Градоначалникот изврши избор на четири кандидати и донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави приговор до Градоначалникот на Општина Велес во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Општина Велес.

Број 08-2915
Дата 22.01.2019

Доставено до:
-Одд. за човечки ресури
-Списи и архива

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски